Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Тринаесеттата Седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 20 август 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Тринаесеттата Седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 август 2024 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваше и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од десеттата седница на Владата, одржана на 6 август 2024 година

- Усвојување на Записникот од единаесеттата седница на Владата, одржана на 11 август 2024 година

- Усвојување на Записникот од дванаесеттата седница на Владата, одржана на 13 август 2024 година

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година

2. Информација за постапување по задолжение од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година, во врска со доставување на податоци за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови, со дополнување

3. Информација во врска со поднесениот одговор на тужбено барање или првиот писмен поднесок на одбраната (Statement of defense) во арбитражната постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH

4. Информација за статус на арбитражната постапка пред Меѓународната трговска комора во Париз, Франција во предметот заведен под број 26696/НВН на Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна (завршена постапка во полза на Република Северна Македонија)

5. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот Јаблан, Општина Струга, со Предлог-одлука

6. Информација за потребата од склучување на меморандум за соработка со International Hospital Group од Лондон, Британија

7. Информација за апликација на Министерството за здравство до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) со цел обезбедување на грант за техничка помош за изработка на физибилити студија за проектот Декарбонизација на здравствениот сектор

8. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски клинички центар – Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог – решение

9. Извештај за извршени преговори и за потпишување на Програма меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за наука, образование и млади на Република Хрватска за соработка во областа на образованието за периодот од 2024 до 2028 година, со усогласен текст на Програма

10. Предлог - програма за изменување на Програмата за научно - истражувачката дејност за 2024 година

11. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година

12. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 година

13. Предлог - програма за изменување  на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година

14. Предлог - програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година

15. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2024/2025 година

16. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2024/2025 година

17. Кадровски прашања

18. Прашања и предлози

19. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Saber Junction 24“ во Сојузна Република Германија

20. Информација за потребата од процена на вредноста на воената и друга опрема која се донира на Украина

21. Предлог - решение за формирање на Второстепена военолекарска комисија

22. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ORION 24“, во Република Грција

23. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Скопје – Скопје

24. Информација за изменување на заклучок усвоен во Информацијата за потребата од изменување на Договорот бр. LOM/OU/2022/P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми 8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр. LOM/OU/2021/0153, со усогласен текст на Амандманот бр. 1 на Договорот

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Уникат, Охрид, со Предлог – решение

26. Барање за давање согласност, согласно член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост

27. Информација за изменување на Одлуката за основање Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија, со Предлог - одлука

28. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2024 година

29. Информација со барање Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изврши пренамена на финансиски средства од сопствени приливи за исплата на заостанати плати во Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, со Предлог-одлука

30. Информација со барање средствата обезбедени во Потпрограма 60-Водостопанство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства во буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2024 година да бидат распределени за исплата на заостанати плати на вработените во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука

31. Информација за престанок на важење на  Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Македонски Брод и Демир Хисар („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/23 и 36/24), со Предлог - одлука и Предлог – решение

32. Информација за статусот на подготовка на Нацрт реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 20.8.2024 година

33. Информација за започнување на вежбата за програмирање на ИПА III за периодот 2025-2027, со прилози

34. Информација за преземање на активности за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа, со Предлог-одлука

35. Информација за задолжување на сите органи на државната управа да достават список на службени моторни возила кои ги поседуваат и кои се во исправна состојба, со прилог

36. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на територииtе на горенаведените држави

37. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи

38. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во заштита од катастрофи во Западен Балкан

39. Предлог на закон за ратификација на изменувањата и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (консолидирана верзија)

40. Предлог на закон за ратификација на Деветтиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, Десеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз и Единаесеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз

41. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација, за прифаќање на Спогодбата за субвенции во рибарството

42. Информација за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ, со Предлог-решение

43. Предлог - одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2024 година

44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка

45. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со започнатата арбитражна постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип бр. 28278/ELU

46. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за водостопанство за 2024 година

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од десеттата седница на Владата, одржана на 6 август 2024 година, Записникот од единаесеттата седница на Владата, одржана на 11 август 2024 година и Записникот од дванаесеттата седница на Владата, одржана на 13 август 2024 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## <u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година и ја донесе Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година, со заклучок предлагачот да го дополни текстот на истата со предлозите од Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за економија и труд усогласени со Секретаријатот за законодавство.

## <u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по задолжение од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година, во врска со доставување на податоци за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови, со дополнување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го достави прегледот на отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови до претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори – заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

2. Се задолжуваат сите државни институции редовно да доставуваат известување за отпочнати и/или најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови, како и за статус и тек на постапките, до претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори – заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

## <u>Точка 3</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесениот одговор на тужбено барање или првиот писмен поднесок на одбраната (Statement of defense) во арбитражната постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione  Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH, ја усвои Информацијата и заклучи да се разгледа можноста за спогодбено решавање на спорот со цел намалување на дополнителните трошоци кои би произлегле од арбитражната постапка.

Истовремено, согласно укажувањето од Министерството за финансии, Владата заклучи доколку отпочне арбитражната постапка трошоците кои ќе произлезат од истата да се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија – Раздел-Влада на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за статус на арбитражната постапка пред Меѓународната трговска комора во Париз, Франција во предметот заведен под број 26696/HBH на Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна (завршена постапка во полза на Република Северна Македонија).

Истовремено согласно укажувањето на Министерството за финансии, Владата заклучи досудените трошоци да се уплатат во Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот Јаблан, Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок во основот за донесување на истата да се вметне и последната измена на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на меморандум за соработка со International Hospital Group од Лондон, Британија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да ги достави до Владата на разгледување Меморандумот за соработка со International Hospital Group од Лондон, Британија како и Договорот за доверливост, кои претходно ќе ги усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на Министерството за здравство до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) со цел обезбедување на грант за техничка помош за изработка на физибилити студија за проектот Декарбонизација на здравствениот сектор и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за здравство, во рок од седум дена, да достави официјално барање до Европската инвестициона банка за поддршка на ВБИФ Апликација за грант за техничка помош за изработка на физибилити студија за проектот Декарбонизација на здравствениот сектор.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за европски прашања, да изработи ВБИФ апликација за грант за техничка помош за изработка на физибилити студија за Декарбонизација на здравствениот сектор, најдоцна до 27.8.2024 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од пет дена, по добивање на ВБИФ апликацијата за грант за техничка помош за изработка на физибилити студија за проектот Декарбонизација на здравствениот сектор, да ја разгледа истата и да подготви писмо за поддршка до Европската комисија и Европската инвестициона банка и истото да го проследи до НИПАК/Министерството за европски прашања и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

4. Се задолжува Министерството за европски прашања, веднаш по добивање на писмото за поддршка од Министерството за финансии и позитивното мислење од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да ја поднесе ВБИФ апликацијата за грант за техничка помош за изработка на физибилити студија за проектот Декарбонизација на здравствениот сектор, во рамки на 31-от повик за техничка помош до Инвестициската рамка за Западен Балкан најдоцна до 2.9.2024 година.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски клинички центар – Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски клинички центар – Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје.

Истовремено, Владата заклучи во документацијата да се предвиди и можност за предвремено раскинување на договорот.

## Точка 9

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори и за потпишување на Програма меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за наука, образование и млади на Република Хрватска за соработка во областа на образованието за периодот од 2024 до 2028 година, со усогласен текст на Програма и го усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1 Го прифати усогласениот текст на Програмата меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за наука, образование и млади на Република Хрватска за соработка во областа на образованието за периодот од 2024 до 2028 година.

2. Се овластува д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, да ја потпише Програмата меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за наука, образование и млади на Република Хрватска за соработка во областа на образованието за периодот од 2024 до 2028 година.

**Точка 10**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно - истражувачката дејност за 2024 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година.

**Точка 12**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 година.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2024/2025 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2024/2025 година и заклучи Министерството за образование и наука да подготви и достави соодветна одлука, усогласена со Секретаријатот за законодавство, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Истовремено, да се има предвид укажувањето од Министерството за финансии, доколку има фискални импликации од реализација на Одлуката, средствата да се обезбедат во рамките на Буџетот на Министерството за образование и наука од делот за дејноста високо образование.

**Точка 17**

1. Владата на Агрон Речи му утврди престанок на функцијата државен правобранител на Република Северна Македонија, по сопствено барање.

2. Владата го именува Агрон Речи за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, за подрачјето на Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Горан Иванов, од должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии.

4. Владата го именува Слободан Ивановски, за вршител на должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата.

5. Владата го разреши Беким Максути, од должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

6. Владата го именува Џеват Селами, за вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

По однос на оваа точка, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, гласаше „воздржано“.

7. Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да ја именува Елена Маркова Велинова за член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

8. Владата го именува Мирослав Тричковиќ за директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за односи меѓу заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разгледа Предлог – решението за именување претседател, секретар и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи и го донесе Решението, со заклучок Жаклина Недељковиќ од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

наместо секретар да биде член, а Фатмир Сабриу од Министерството за социјална политика, демографија и млади наместо член да биде секретар и текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

* * *

Владата именува претседател, секретар и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи и тоа:

а) претседател:
- Даниела Иротова Лазарева - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

б) секретар:
- Фатмир Сабриу – Министерство за социјална политика, демографија и млади

в) членови:
- Билент Мустафоски-Министерство за финансии,
- Сашо Ѓорѓиевски - Министерство за одбрана,
- Диела Сопај Јашари -Министерството за економија и труд,
- Илбер Мирта - Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Љупка Д. Зајков - Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Снежана Мешкова-Министерство за транспорт,
- Раде Балабаноски-Управа за хидрометеоролошки работи,
- проф. д-р Јулијана Бојаџиева -Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија,
- Жаклина Недељковиќ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Христина Ташевска - Државен инспекторат за земјоделство,
- Кадрије Азизи -Државен комунален инспекторат,
- Асим Селмани-Дирекција за заштита и спасување,
- Трајче Јовановски-Центар за управување со кризи,
- Драган Аксентиев-Биро за процена,
- Магдалена Блажевска-Триглав осигурување АД,
- Здравко Трпковски-Триглав осигурување АД и
- Дејан Ордевски-Сава осигурување АД.

10. Владата заклучи да му предложи на Собранието на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, Скопје, да го отповика Златко Лазиќ, претставник на Владата, од должноста член на Надзорниот одбор на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, Скопје, а за член на Надзорниот одбор да го избере Бојан Николовски.

11. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас, во најмалку два дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои

зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на Државен правобранител на Република Северна Македонија.

12. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје да го избере Фатљум Илази.

Владата ги одложи точките 9 и 10 од предлогот на Комисијата за именување, за првата наредна седница што ќе се одржи после 15 септември 2024 година.

Истовремено, Владата заклучи да се разгледа можноста за формирање на интерно тело што претходно или дополнително ќе ги разгледува предлозите за именување.

## Точка 18

**1.** Владата го задолжи Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје да ја разгледа можноста за продажба на деловен простор во Градскиот трговски центар и доколку постои правен интерес за продажба на истиот да подготви и до Владата да достави соодветни акти.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите поврзани со набавка (печатење и откуп) на учебници и наставни материјали за учебната 2024/2025 година, како материјал за информирање.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за изградба на обиколница на град Кавадарци, ја усвои Информацијата и го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта во Планот за јавни набавки за 2024 година да предвиди изработка на проектна документација за изградба на обиколница на град Кавадарци.

**4.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за формирање на координативно тело за заштита, реконструкција и повторно ставање во функција на објектот на централната зграда на Македонска пошта во Скопје, како објект од културно и архитектонско значење и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Формира Координативно тело за заштита, реконструкција и повторно ставање во функција на објектот на централната зграда на Македонска пошта во Скопје, како објект од културно и архитектонско значење, составено од заменикот на претседателот на Владата и министер за транспорт, министерот за култура и туризам и директорот на Управата за заштита на културното наследство.

2) Се задолжува Координативното тело да ги преземе сите потребни активности во насока за заштита, реконструкција и повторно ставање во функција на објектот на централната зграда на Македонска пошта во Скопје, како објект од културно и архитектонско значење.

**5.** Владата по Барањето од Министерството за здравство за изменување на заклучоци и согласно расправата на седница за недостигот и потребата од обезбедување стручен и искусен медицински персонал со високо образование од областа на медицината, стоматологијата или фармацијата во јавните здравствени установи, заклучи:

- Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да ги разгледа законските можности за преземање на медицински персонал со високо образование од областа на медицината, стоматологијата или фармацијата и со специјализација или супспецијализација од областа на медицината, стоматологијата или фармацијата, има најмалку 10 (десет) години работно искуство по завршувањето на специјализацијата или супспецијализацијата, од приватни здравствени установи во јавните здравствени установи, со цел да подготви и до наредната седница на Владата да достави соодветен предлог на закон или изменување на постоечко законско решение, со кое ќе се овозможи преземање на ваков медицински персонал од приватни во јавни здравствени установи.

**6.** По повод укажувањето на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со започнување на постапка за финансирање на проекти за општините, Владата заклучи:

1) Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за спорт и Министерството за култура и туризам, во рок од седум дена да ги утврдат критериумите за финансирање на проекти преку капитални дотации врз основа на глава на жител од резидентното население во секоја општина согласно последниот попис во Република Северна Македонија и комплетноста на потребната проектна документација со сите потребни дозволи и согласности, со ревидирана предмер пресметка не постара од 12 месеци со што би се гарантирала непречена реализација на проектите и истите веднаш да ги објават на своите веб-страници.

2) Се задолжува Министерството за локална самоуправа да објави Повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на проекти од Потпрограма АА, Инфраструктурни проекти на општините, врз основа на критериумите од Заклучокот бр.1, најдоцна до 5.9.2024 година.

3) Се задолжува Министерството за локална самоуправа за наредната седница на Владата да подготви и достави предлог-одлука за формирање на Координативно тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограма АА, Инфраструктурни проекти на општините (со детални надлежности), со кое ќе претседава Министерството за локална самоуправа, а ќе членуваат претставници од Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за образование и наука, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за спорт, Министерство за култура и

туризам, Министерството за финансии и од Канцеларијата на претседателот на Владата Република Северна Македонија.

4) Се задолжуваат Министерство за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за спорт, Министерството за култура и туризам, Министерството за финансии и Канцеларијата на претседателот на Владата Република Северна Македонија, во рок од пет дена до Министерството за локална самоуправа да достават номинации за членови во Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограма АА, Инфраструктурни проекти на општините.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Saber Junction 24" во Сојузна Република Германија.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од процена на вредноста на воената и друга опрема која се донира на Украина и заклучи предлагачот да ги усогласи предлог заклучоците со Секретаријатот за законодавство и Бирото за процена.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлог-решението за формирање на Второстепена военолекарска комисија и условно го донесе Решението за формирање на Второстепена военолекарска комисија, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ORION 24", во Република Грција и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Скопје – Скопје и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Скопје – Скопје со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на заклучок усвоен во Информацијата за потребата од изменување на Договорот бр. LOM/OU/2022/P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми 8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр. LOM/OU/2021/0153 , со усогласен текст на Амандманот бр. 1 на Договорот и заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за изменување на заклучок усвоен во Информацијата за потребата од изменување на Договорот бр. LOM/OU/2022/P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми 8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр. LOM/OU/2021/0153, со усогласен текст на Амандманот бр. 1 на Договорот.

2. Ја овласти Елизабета Чуповска-Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Амандманот бр. 1 на Договорот бр. LOM/OU/2022/P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми–8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр. LOM/OU/2021/0153.

## Точка 25

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Уникат, Охрид, со Предлог – решение за некоја од наредните седници на Владата поради потребата предметното барање повторно да се разгледа од страна на Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување.

## Точка 26

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање согласност, согласно член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство, како и да достави соодветна Предлог-одлука, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за основање Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија

## Точка 28

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2024 година.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата со барање Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изврши пренамена на финансиски средства од сопствени приливи за исплата на заостанати плати во Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20 - Шумарство, ставка 464 - Разни трансфери во буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2024 година.

## Точка 30

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со барање средствата обезбедени во Потпрограма 60-Водостопанство, Ставка 485–Вложувања и нефинансиски средства во буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2024 година да бидат распределени за исплата на заостанати плати на вработените во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седници на Владата.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Македонски Брод и Демир Хисар („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/23 и 36/24), со Предлог - одлука и Предлог – решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Македонски Брод и Демир Хисар.

2. Го донесе Решението за престанок на важење на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, изнесени на расправата на седницата на Владата, а се однесува на составот на комисиите за спроведување постапки од надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно, во иднина, во составот на комисиите да биде поставен стручен кадар од соодветната област.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на Нацрт реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 20.8.2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за правда до 22.8.2024 година да се произнесе по однос на точка 5.5.5 во врска со Кривичниот законик и да дефинира рок за доставување на кореспондентните табели до Европската комисија, за консултации.

2. Се задолжува министерот за европски прашања, по електронски пат, веднаш да ја информира Европската комисија за ставовите на Владата, за статусот на нацрт Реформската агенда, заклучно со 20.8.2024 година.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на вежбата за програмирање на ИПА III за периодот 2025-2027, со прилози, ја усвои и го задолжи Министерството за европски прашања да ја извести Владата за напредокот во програмирањето на ИПА III за периодот 2025-2027, најдоцна до 10 октомври 2024 година.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на активности за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа, со Предлог-одлука и согласно расправата на седницата на Владата ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на сите органи на државната управа да достават список на службени моторни возила кои ги поседуваат и кои се во исправна состојба, со прилог, ја усвои и согласно расправата ги задолжи сите органи на државната управа, вклучувајќи го и Министерството за внатрешни работи, во рок од 10 (десет) дена до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да достават список на службени патнички моторни возила кои ги поседуваат и кои се во исправна состојба, во пропишан формат, кој е во прилог на оваа информација.

Исто така, сите органи на државната управа, доколку имаат потреба за дополнителни возила, покрај постоечките, до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да достават податоци за истото.

## Точка 36

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Серџим Мухамед, директор во Министерството за надворешни работи и Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерство за одбрана.

## Точка 37

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Крум Ефремов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Стојанчо Стојковски, државен советник, во Министерството за здравство.

## Точка 38

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка во заштита од катастрофи во Западен Балкан, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереници Џеват Селами, вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на изменувањата и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (консолидирана верзија), го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и проф. д-р. Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Бобан Николовски, вршител на должноста директор на Царинска управа, Крум Ефремов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Наташа Дескоска, помошник на директорот во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Деветтиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, Десеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз и Единаесеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлогот на закон, во членот 3, наместо „Министерството за транспорт и врски“ да стои „Министерството за транспорт“.

2. Пречистениот текст на Предлог на закон за ратификација на Деветтиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, Десеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз и Единаесеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници Владимир Шутев, раководител на сектор во Министерството за транспорт и Наташа Дескоска помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

## Точка 41

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација, за прифаќање на Спогодбата за субвенции во рибарството, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија  и труд, Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и труд и Наташа Дескоска помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт  за 2024 година.

## Точка 44

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник Стефан Волкановски, државен советник во Министерството за транспорт.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со започнатата арбитражна постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип бр. 28278/ELU и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, во рок од три дена, да испрати барање за прибирање на понуди за правно застапување на Република Северна Македонија / Министерство за здравство, како тужена страна во арбитражниот спор заведен како 28278/ELU, до следните меѓународни адвокатски куќи:

1) White and Case LLP
2) Three Crowns LLP
3) Herbert Smith Freehils LLP
4) Fenwick Elliot LLP
5) Debevoise & Plimpton LLP
6) Baker McKenzie LLP
7) Dentons
8) Clifford Chance LLP
9) DLA Piper LLP
10) Latham & Watkins LLP.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, по добивањето на понудите, најдоцна во рок од три дена, да свика нов состанок на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, на кој ќе се разгледаат понудите и до Владата да достави предлог за избор на правни застапници во наведената арбитражна постапка.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за водостопанство за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |